**ОСНОВЕН СУД КУМАНОВО**
**СПИ-6/24**
**18.03.2024 година**
**К у м а н о в о**

**Р.**

Врз основа на член 20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019) и согласно одредбите на Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/20), постапувајќи по Барањето за пристап на информацији од јавен карактер, поднесено на 15.03.2024 година, Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење “ ул:„ ….. Скопје, Основниот суд Куманово, преку Одговорно лице за посредување на информации од јавен карактер, Претседател на судот, Судијата Снежана Манев, на ден 19.03.2024 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење “ Скопје, по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер, **СЕ УВАЖУВА.**

- согласно член 20 став 1 и член 24 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**О б р а з л о ж е н и е**

Пред овој суд барање за пристап до информации од јавен карактер на 15.03.2024 година, поднесе Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење “ Скопје, со кое побара:

1. Вкупен број на судии во судот на 01.03.2020 година, 01.03.2021 година, 01.03.2022, 01.03.2023 година и 01.03.2024 година.

2. Вкупен број на предмети во работа во судот на 01.03.2020 година, 01.03.2021 година, 01.03.2022, 01.03.2023 година и 01.03.2024 година.

Судот постапувајќи по барањето за пристап на информацији од јавен карактер, изврши проверки во нашата евиденција, утврди дека **во Основен суд Куманово, на 01.03.2020 година вкупен број на судии е 22 судии, на 01.03.2021 година вкупен број на судии е 21 судија, на 01.03.2022 година вкупен број на судии е 22 судии, на 01.03.2023 година вкупен број на судии е 18 судии, на 01.03.2024 година вкупен број на судии 19 судии.**

Под точка 2 од Вашето барање во Основен суд Куманово **на 01.03.2020 година вкупен број на предмети во работа е 4319 предмети, на 01.03.2021 година вкупен број на предмети е 4278 предмети, на 01.03.2022 година вкупен број на предмети е 4466 предмети, на 01.03.2023 година вкупен број на предмети 5150 предмети, на 01.03.2024 година вкупен број на предмети 6635 предмети.**

Основен суд Куманово, СПИ - 6/24 од 19.03.2024 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер рок од 15 дена од прием на Решението.

Одговорно лице за посредување Информации
од јавен карактер при Основен суд Куманово на
Претседател на Основен суд Куманово
Судија
Снежана Манев

Службено лице за посредување со
Информации од јавен карактер при
Основен суд Куманово
Судски советник
Мирјана Максимовска